# З А П И С Н И К

Од триесетиседмата седница на Советот на Општина Јегуновце одржана на ден 28.04..2020 год. со почеток во 12.00 часот со употреба на комуникациски средства.

На седницата беа on line вклучени 15 членови на Совет и тоа: Орхан Сабрии, Бојан Симовски, Бобан Стојаноски, Олгица Трпчевска, Веле Ристоски, Славица Јованоска, Далиборка Апостолоска, Ангеле Јовановски, Дарко Цветкоски, Јасмина Миловска, Трпко Кировски, Бобан Здравковски, Аљит Рушити, Кимете Камери и Жарко Јанчески.

На седницата беше присутен и Градоначалникот г-дин Дарко Блажески.

Седницата ја отвори и со неа раководеше со употреба на комуникациски средсва претседателот на Совет г-дин Орхан Сабрии кој за триесетиседмата седница го предложи следниот:

## Д н е в е н р е д

- Усвојување на записниците од триесетишестата седница на Совет;

1. Разгледување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за за I квартал за 2020 г. и Заклучок за усвојување на финансискиот извештај.

Горе предложениот дневен ред Претседателот на Совет го стави на гласање и тој се усвои едногласно со 15 гласа „за„ по пат на поименично произнесување на секој член од Советот

Примедби и забелешки по записникот од 36 седница на Совет немаше и тој се усвои со 15 гласа „за„ по пат на поименично произнесување на секој член од Советот .

По усвојување на записникот за збор се јави Градоначалникот г-дин Дарко Блажески и на советниците припадници на исламска вероисповед им ги честиташе престојните рамазанските пости.

По финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за за I квартал за 2020 г. Претседателот на советот појасни дека овој финансискиот извештај се однесува за периодот од 01.01.2020 год.до 31.03.2020 год. и во овој квартал ненамирените обврски изнесуваат 419.887 ден и тоа за комунални услуги кои се исплатени во текот на несец април 2020 год.

Бидејќи никој не се јави за збор по оваа точка Претседателот на советот финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за за I квартал за 2020 год. го стави на гласање и истиот се усвои со 10 гласа„за„ 4 „воздржани „ Ангеле Јовановски, Дарко Цветковски, Јасмина Миловска и Жарко Јанчевски) и 1 „против„( Бобан Здравковски ) исто по пат на поименично произнесување на секој член од Советот

Со исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 12,20 часот.

Бр.08-541/2
28.04.2020 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии

Записничар: Милева Младеноска